**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-159/1

Скопје 05.01 2018г.

**До:**
Здружението Хелсиншки комитет за човекови права
на Република Македонија

**За:**
Извршна директорка

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувана,

Во врска со Вашето барање, за пристап до информации од јавен карактер бр.о3-1964 од 28.12.2017 година, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 28.12.2о17 година, заверено со наш архивски бр.12-5759/1, Ви ги доставуваме бараните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Колку изнесува вкупниот број на примени претставки и барања испратени по различни осн0ви до Агенцијата во текот на целата 2о17 година, како и одделно во секој од четирите квартали од годината, вклучувајќи го периодот јануари-март, април-јуни, јули-септември и октомври-декември 2017 година?

- Во текот на целата 2017 година, примени се вкупно 12 (дванаесет) претставки кои се евидентирани во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во четирите квартали од 2о17 година, односно во периодот јануари-март примена е 1 (една) претставка, во пери0дот април-јуни примени се 4 (четири) претставки, во периодот јули-септември примени се 4 (четири) претставки, и во периодот октомври-декември, примени се 3 (три) претставки.

2. Колку изнесува вкупниот број на примени претставки и барања испратени по основ на дискриминација, говор на омраза, лажни вести или по некој друг основ/категорија до Агенцијата во текот на целата 2о17 година, како и одделно во секој од четирите квартали од годината, вклучувајќи го периодот јануари-март, април-јуни, јули-септември и октомври-декември 2017 година?

- Примени се вкупно 5 (пет) претставки, испратени по основ на дискриминација, говор на омраза, лажни вести или по некој друг основ/категорија кои се евидентирани во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на целата 2о17 година. Од нив, во периодот јануари-март примена е 1 (една) претставка, во периодот април-јуни примена е 1 (една) претставка, во периодот јули-

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.+ 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

септември примени се 2 (две) претставки и во периодот октомври-декември, примена е 1 (една) претставка.

Исто така, Агенцијата одговара и на оние реакции/поплаки кои според Законот за постапување по претставки и предлози не се третираат и евидентираат како претставки.

3. Кои се причините поради кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) во еден подолг временски период нема избрано заменик-директор иако за тоа постои законска основа во членот 19 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија " бр.184 од 26 декември 2013 година)?

- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Одлука бр.04-4427/1 од 05.09.2014 година, распиша јавен конкурс за избор на заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во ист период кога се објави и конкурс за директор на Агенцијата. Јавниот конкурс за избор на заменик на директор на Агенцијата, на ден 06.09.2014 година беше објавен во 2 (два) дневни весника:1 (еден) весник на македонски јазик – "Нова Македонија" и во 1 (еден) весник на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот– „Коха", и траеше заклучно со 24.09.2014 година.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 17-та седница одржана на 05.11.2014 година донесе Одлука бр.04-5463/1 од 05.11.2014 година, да се поништи објавениот Јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата, поради тоа што од приложените документи на кандидатите не може да се утврди исполнувањето на условот од Конкурсот, согласно член 19 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека кандидатите поседуваат работно искуство од 5 (пет) години во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото.

Со почит,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

Имател на информација
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги,
Директор,

д-рЗоранТРАЈЧЕВСКИ